**20130922224**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 147 став (11) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11, 74/12 и 171/12), министерот за финансии, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ИЗВРШЕНОТО ОЗНАЧУВАЊЕ И РЕГИСТРАЦИЈА НА АВТОМАТОТ, ОДНОСНО МАСАТА ЗА ИГРИ НА СРЕЌА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата за извршеното означување и регистрација на автоматот, односно масата за игри на среќа.

Член 2

Потврдата за извршеното означување и регистрација на автоматот, односно масата за игри на среќа се издава на бел лист хартија во А4 формат и ги содржи следните податоци:

- назив и седиште на овластеното правно лице;
- име и седиште на приредувачот на игрите на среќа;
- податоци за типот на автоматот, односно масата за игри на среќа и назив на производителот или увозникот;
- фабрички и сериски број на автоматот, односно масата за игри на среќа доделен од производителот;
- година на производство на автоматот, односно масата за игри на среќа;
- опис и упатство за користење на автоматот, односно масата за игри на среќа;
- гаранција на производителот на автоматот, односно масата за игри на среќа;
- регистарски број на автоматот, односно масата за игри на среќа;
- други податоци кои се однесуваат на автоматот, односно масата за игри на среќа;
- број и датум на издавање на потврдата;
- печат на овластеното правно лице и
- потпис на овластеното лице.

Формата и содржината на потврдата од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 11-15809/6
25 јуни 2013 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**ПРИЛОГ**

______________________________________________________________________

(назив и седиште на овластеното правно лице)

издава

**ПОТВРДА**
**за извршено означување и регистрација на автомат, односно маса за игри на среќа**

1. Име и седиште на приредувачот на игрите на среќа

______________________________________________________________________

2. Податоци за типот на автоматот, односно масата за игри на среќа и назив на производителот или увозникот

______________________________________________________________________

3. Фабрички и сериски број на автоматот, односно масата за игри на среќа доделен од производителот

______________________________________________________________________

4. Година на производство на автоматот, односно масата за игри на среќа

______________________________________________________________________

5. Опис и упатство за користење на автоматот, односно масата за игри на среќа

______________________________________________________________________

6. Гаранција на производителот на автоматот, односно масата за игри на среќа

______________________________________________________________________

7. Регистарски број на автоматот, односно масата за игри на среќа

______________________________________________________________________

8. Други податоци кои се однесуваат на автоматот, односно масата за игри на среќа

______________________________________________________________________

Бр. ___________
__.__. 20__ година

_________________
(место)

потпис на овластено лице

_______________________

М.П.